АД за осигурување ВИНЕР-
Виена Иншуренс Груп
Бр. 5881/0701/124
01.06.2021 год.
СКОПЈЕ

REPUBLIKA E MAQEDONISE SE VERIUT
МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
MINISTRIA E ARSIMIT DHE SHKENCËS
СКОПЈЕ-SHKUP
Бр. Nr. 10-4486/18
01-06-2021 год. viti

# ДОГОВОР

## за набавка на услуги

1. **Министерство за образование и наука**, со седиште на ул.„Св.Кирил и Методиј“ 54, 1000 Скопје, претставувано од министерка за образование и наука Мила Царовска, од една страна како корисник на услуги, и

2. **Акционерско друштво за осигурување Винер Виена Иншуренс Груп - Скопје**, со седиште на ул.„Владимир Комаров“ бр.11А, 1000 Скопје, застапувано од директорот м-р Зоран Нарашанов, од друга страна како давател на услуги.

## 1. ПРЕДМЕТ НА ДОГОВОРОТ

**Член 1**

Договорните страни го склучуваат овој Договор врз основа на спроведена поедноставена отворена постапка за јавна набавка со објавување на оглас бр.04625/2021, спроведена со Одлука за јавна набавка бр.10-4486/1 од 09.03.2021 година и Одлука за измена и дополнување на одлука со архивски бр.10-4486/6 од 27.04.2021 година , Извештајот од спроведената постапка бр. 10-4486/7 од 27.04.2021 година и Конечната понуда на Давателот на услуги бр. 10-4486/16 од 7.5.2021 година.

Предметот на договорот за јавна набавка на услуги за осигурување на движен и недвижен имот и осигурување на вработените во Министерството за образование и нака, Дел 2 – Осигурување на целокупната опрема, согласно техничките спецификации од поедноставена отворена постапка за јавна набавка по оглас бр.04625/2021 .

Дел 2 – Осигурување на целокупна опрема – мебел, комјутерска и друга техничка опрема (сметрководствена вреност) од ризик пожар, кражба, кршење и други опасности, без франшиза.

| Р.б | Назив на опремата | Вредност на опремата |
|---|---|---|
| 1 | Електронска и компјутерска опрема | 12.261.761,24 |
| 2 | Опрема за ладење | 23.896,00 |
| 3 | Опрема за ТВ сообраќај | 24.618,50 |
| 4 | Канцелариска опрема | 3.411.475,06 |
| 5 | Опрема за загревање и вентилација | 497.862,00 |
| 6 | Библиотека | 5.711,50 |
| 7 | Софтвер | 4.059.477,00 |

## 2. ВРЕДНОСТ НА ДОГОВОРОТ

**Член 2**

Вкупната вредност на договорт ќе се утврди според цената искажана во конечната понуда на давателот на услугите и истата изнесува 23.263,00 (дваесет и три илјади двеста шесеет и три) денари. Конечната понуда на Давателот на услуги бр. 10-4486/16 од 7.5.2021 година.

| 1 | 2 | 3 | 4 |
|---|---|---|---|
| Опис | Вкупна цена без ДДВ | Износ на ДДВ | Вкупна цена со ДДВ |
| Дел 2 – Осигурување на целокупната опрема (согласно техничките спецификации) | 23.263,00 | / | 23.263,00 |

Не се предвидува корекција на цените, односно цените искажани во понудата на најповолниот понудувач ќе бидат фиксни за целото времетраење на договорот за јавна набавка.

## 3.НАЧИН И РОК НА ИЗВРШУВАЊЕ НА УСЛУГАТА

**Член 3**

Времетраењето на договорот е 12 месеци.

Давателот на услугите е должен да ги достави полисите до корисникот на услугите во рок од 5 дена од денот на потпишување на договорот.

Давателот на услугите е должен да постапува согласно барањето доставено од одговорното лице

## 4.СЛЕДЕЊЕ НА РЕАЛИЗАЦИЈАТА НА ДОГОВОРОТ

**Член 4**

Корисникот на услугите ќе овласти лица за следење на реализацијата на овој договор.

Одговорно лице за следење на реализација на Договорот кај Корисникот на услугите е Шабан Исљами.

Овластеното лице од став 2 на овој член ќе настапува во името на Корисникот на услугите пред Давателот на услугите при реализацијата на овој договор.

Овластеното лице од став 2 на овој член ќе следи дали договорот се реализира според:

- одредбите од овој договор,
- понудата на Давателот на услугите,
- барањата и инструкциите на Корисникот на услугите во периодот на вршењето на услугите;

Овластеното лице пред Давателот на услугите ќе ги истакнува барањата и инструкциите на Корисникот на услугите при реализација на договорот:

- ќе го следи запазувањето на роковите утврдени во договорот;
- ќе ги врши сите работи и ќе преземаат соодветни активности што произлегуваат од одредбите на овој договор, како права и обврски на Корисникот на услугите.

## 5.НАЧИН НА ПЛАЌАЊЕ

**Член 5**

Начин на плаќање ќе се врши во рок од 60 дена по доставена фактура/полиса и потпишани списоци за извршената услуга од страна на овластено лице од корисникот на услуги.

## 6.УСЛОВИ ЗА РАСКИНУВАЊЕ НА ДОГОВОРОТ

**Член 6**

Овој Договор се смета за склучен со денот на неговото потпишување од двете договорни страни.

**Член 7**

Овој Договор може да биде раскинат доколку договорните страни не се придржуваат кон одредбите на овој Договор.

**Член 8**

Корисникот на услугите има право еднострано да го раскине овој Договор доколку давателот на услугите прекрши некоја одредба од овој Договор, а прекршувањето не го исправи во рок од 2 (два) дена од денот на добивањето на писмено предупредување од страна на корисникот на услуги или во случај давателот на услугите да не се придржува кон обврските од член 3 и член 4 на овој Договор.

**Член 9**

Во случај на раскинување на овој Договор по вина на давателот на услугата, должен е на корисникот на услуги веднаш без одлагање да му ги подмири сите дотогашни обврски, како и да му ги надомести штетите (материјални и нематеријални) кои ќе бидат предизвикани на корисникот на услугите.

## 7. ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

**Член 10**

Измени и дополнувања на Договорот може да се вршат со заедничка согласност на договорните страни по писмен пат, со Анекс на Договорот.

**Член 11**

Во случај на спор, договорните страни се согласни спорот да го решат спогодбено, а во спротивно за истиот ќе решава стварно надлежниот суд во Скопје.

**Член 12**

Овој Договор е склучен во 4 (четири) идентични примероци, од кои 2 (два) примероци за корисникот на услуги и 2 (два) примероци за давателот на услуги.

| КОРИСНИК НА УСЛУГИ, | ДАВАТЕЛ НА УСЛУГИ, |
| --- | --- |
| МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА | Акционерско друштво за осигурување Винер Виена Иншуренс Груп - Скопје |
| МИНИСТЕРКА, | УПРАВИТЕЛ, |
| Мила Царовска | д-р Зоран Нарашанов |

Изготвил:Ѓорѓи Панделиев
Контролирал:Милка Масникоса
Одобрил:Маја Бичиклиска